| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Како да се заштитам од опасности |
| **Содржина на денот** | Да играме, но да внимаваме! |
| **Возраст** | 4-6 години |
| **Воспитувач** | Бојана Алексоска |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Усвојување на здрави и безбедни навики на однесување кога сме во домот, градинка и надвор. |
| **Активности** | Децата на оваа возраст имаат капацитет да го разберат светот околу себе согласно своите можности и да делуваат согласно со поставените правила од страна на родителите. Бидете истрајни во поставувањето и придржувањето на правилата за игра на Вашите деца во домот и надвор од него. Само така ќе создадете безбедна и пријатна атмосфера во која Вие и Вашите деца ќе бидете спокојни и среќни. Секогаш разговарајте со Вашите деца додека играат дома и надвор – кои се безбедните и опасните игри кои може да ја нарушат ниватата безбедност и здравје. Заеднички составете листа со безбедни правила во домот како да играат со играчките, кои предмети во домот може да ги допрат, а кои не и зошто, како треба да се однесуваат додека се во кујната, бањата, дневната соба, детската соба и слично.<br>Направете и листа со безбедни правила кога сте надвор на игралиштето, во автомобили, на улица, покрај вода и слично. Можете да користите сликички од интернет или децата сами да ги нацртаат и обојат.<br>Направете постер и ставете го на видно место на собата на децата за да можат тие да ги усвојат овие навики во секојдневието.<br>Како помош во реализација на овие активнсоти може да ја прочитате сликовницата „Опасни игри“ – (види во прилог слики). Преку оваа сликовница децата ќе може да идентификуваат ситуации и постапки во кои тие можат да бидат повредени. |